**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Општина Велес
бр. 08-1040/3
од 18 MAR 2021

До: Министерство за животна средина
и просторно планирање
- Управа за животна средина

ПРЕДМЕТ: Мислење од Општина Велес во врска со Барање за определување на обемот на оцената на влијанието врз животната средина на проектот "Изградба на цементарница во кругот на Каменолом Техно Павер во Општина Велес"

ВАШ БРОЈ: 11-591/2 од 25.02.2021г.

Почитувани,

Согласно Вашето Барање за мислење за утврдување на обемот по Известување за намера на проектот "Изградба на цементарница во кругот на каменоломот Техно Павер во Општина Велес", а по разгледување на доставената документација која ја содржи и Листата на проверка за определување на обемот на оцена на влијанието врз животната средина: Прашања за карактеристиките на проектот Изградба на цементарница во кругот на Каменоломот Техно Павер Подружница бр. 2, Превалец Велес, Општина Велес своето мислење го поткрепува врз основа на расположливите документи во постапката:

1. Известување за намера за спроведување на проект Изградба на цементарница во кругот на каменоломот Техно Павер ДООЕЛ Подружница бр. 2 Превалец Велес (во понатамошниот текст: Известувањето за намера);
2. Листата на проверка за определување на обемот на ОВЖС: Прашања за карактеристиките на проектот Изградба на цементарница во кругот на каменоломот Техно Павер ДООЕЛ Подружница бр. 2 Превалец Велес која е предмет на разгледување и мислење (во понатамошниот текст: Листата).

## I. Основа на мислењето

Определувањето на обемот на потенцијалните значајни влијанија врз животната средина има за цел да одговори на три основни прашања – Какви влијанија овој проект би имал врз животната средина; Кои влијанија би биле најважни и како такви би барале најголемо внимание во Студијата за определување на обемот на ОВЖС; Кои алтернативи би требало да бидат земени во предвид при изготвувањето на предлози за проектот?

## II. Забелешки во однос на Известувањето за намера

**Информации за инвеститорот**

Како инвеститор кој е подносител на Известувањето за намера е наведен ДПТТУ Каменолом Техно Павер ДООЕЛ увоз извоз Скопје, Подружница бр. 2, с. Превалец Велес.

На предметната локација оператор на постојната инсталација е горенаведеното правно лице, но на состанок со Градоначалникот на Општина Велес одржан на 10.03.2021г. беше одржана средба со новиот сопственик на инсталацијата, кој изјави дека во моментот се води постапка на пренесување на сопственоста од старите на новиот сопственик, кој ја претстави својата намера и новата инвестиција – цементарница која треба да се изгради во кругот на инсталацијата – каменолом во населба Превалец.

За Општина Велес како засегнат орган во постапката е нејасно зошто се брза со доставување на Известувањето за намера кое е потпишано од сегашниот управител на инсталацијата Техно Павер и дали сегашниот управител ќе може да одговори на сите адресирани прашања и забелешки во врска со предметната инвестиција.

**Општина Велес цени дека Известувањето за намера треба да биде поднесено од сопственикот кој има намера за изградба на цементарницата.**

Согласно член 2 точка 2 алинеја 2 од Правилникот за информациите што треба да ги содржи известувањето за намера за изведување на проектот и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина (Службен весник на РМ бр. 33/06), во Карактеристики на проектот **треба да биде наведен и предложениот капацитет или големина на проектот,** а во предметното Известување за намера овој податок отсуствува, а е клучен при определување на обемот на оцена на влијанието врз животната средина.

Во **Описот на технолошкиот процес** за производство на цемент отсуствуваат големината, капацитетот, капацитетот на производство, причини за предлагање на проектот, план на кој се прикажани границите на градежната зона. Во Известувањето е само неведено дека во границите на инсталацијата Каменолом Техно Павер се предвидува изградба на нов објект цементарница, дадена е основна шема на технолошкиот процес и опис на процесот.

Во Карактеристики на проектот е наведено дека во моментот е во фаза на изготвување на проект за прецизно утврдување на локациската поставеност на самиот објект односно сите негови составни делови на постојната парцела. Согласно горенаведениот Правилник во член 2 точка 2 алинеја 4 е пропишано: "Известувањето за намера треба да ги содржи евентуалните нови зафати во врска со пристапот до градежната зона, измена на постојната поставеност на јавните патишта, работна програма за фазите на изградба, работење и пуштање во употреба, како и враќање во поранешна состојба и активности по завршување на градбата, методи на градба". **Ова комплетно отсуствува во Известувањето за намера.**

Во Опис на локацијата е наведено дека првите куќи во населба Превалец се на 250 м од границите на инсталацијата, а првите куќи во стамбената зона во населба Тунел се на воздушно растојание од 280-500 метри.

Во Извештајот за генерална еколошка ревизија за Каменолом Техно Павер од март 2018г. изработена врз основа на член 130 од Законот за животната средина и кој е доставен до Министерството за животна средина и просторно планирање, а во кој е извршена процена на состојбата со инсталацијата е утврдено дека првите куќи во населба Превалец се на 100 метри воздушна оддалеченост од границите на инсталацијата, а првите станбени објекти во населба Тунел се на воздушно растојание од 200 метри од секундарната дробилка.

**Локација на проектот**

Сметаме дека локацијата на инсталацијата не ги дозволува предложените активности затоа што согласно член 77 став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен

весник на РМ бр. 225/20), цементарниците припаѓаат на Класа на намена Г1.4 – Тешка градежна индустрија и производство на неметали: цементари.

На оваа локација во моментот нема никакава планска документација. Населбата Превалец не е дел од Генералниот урбанистички план на град Велес донесен со Одлука бр. 0701- 2035/2 од 30.05.2006 година и моментално населбата не е покриена со важечка урбанистичка планска документација. Општиот акт за населеното место Превалец во чии опфат се наоѓа и локацијата за КП бр.17889, КО Велес, донесен со Одлука бр.07-956/1 од 15.09.1998 година е вон сила. Генералниот урбанистички план во кој ќе се предвиди и класата на намена и ќе ја опфати и предметната локацијата на инсталацијата е во фаза на подготовка. **Во отсуство на планска документација за предметната локација, добивањето на Одобрение за градење е невозможно. Инвеститорот треба да биде запознат со овие активности.** Наместо ова, во Листата на проверка за определување на обемот на ОВЖС, наведено е дека се работи за индустриска зона.

**Во Известувањето не е наведено дали се предвидени алтернативни локации кои би биле земени во предвид, доколку оваа локација се покаже како несоодветна за изградба на цементарница.**

**Карактеристики на можното влијание**

Природата на производниот процес е таква да продуцира емисии на прашина, јаглероден диоксид и гасови при согорување на фосилните горива (кокс) како што е наведено во Изветувањето за намера. Индустријата за цемент е втор по големина емитер на јаглерод диоксид, емисијата на азотен оксид е значајна во ова производство. Сулфур диоксидот се формира во ротационата печка, а јаглероден моноксид се јавува во издувните гасови од ротационата печка за производство на цементен клинкер. При производството на клинкер се емитираат диоксини и фурани, а во помали количини може да се јават полихлорирани ароматични јаглеводороди, бензен, толуен, етил бензен и ксилен во помали количини, како и тешки метали (талиум, кадмиум и жива) .

Процесот предвидува поставување на систем на филтри, надополнети со системи за микрофилтрација, во ваков производен процес, а во услови кога на предметната локација во функција на производството на цемент ќе се користат и отворениот коп за експлоатација на варовник, кој учествува со 80% при производството на цементен клинкер и постројки за дробење и сепарирање на варовник како дел од инсталацијата која е денес во функција и е носител на А-Интегрирана еколошка дозвола бр. УП1-11/3-1260/2019 од 18.02.2019г. **влијанието врз животната средина се зголемува.**

Од сето наведено, Општина Велес е на мислење дека оваа локација заради кумулативниот ефект на загадувачки материи на локацијата, не може да издржи дополнително оптоварување на животната средина со дополнителни загадувачки материи. Особено загрижува податокот дека процесот ослободува диоксини и фурани кои во нашата држава не се мерат, па цементарниците од овој вид мораат да ангажираат акредитирани лаборатории од странство, а кои СЗО ги класифицира како можен карциноген за луѓето, кои предизвикуваат имунолошки и ендокрини проблеми и влијаат врз здравјето на луѓето.

## III. Забелешки во однос на Листата на проверка

На прашањето: Дали изградбата на објектот ќе резултира со социјални промени, како на пример во демографската структура, традиционалниот начин на живот, степенот на

вработеност е одговорено дека инвестицијата ќе резултира со позитивни ефекти во социјалната сфера.

Од реакциите на засегнатата јавност при издавањето на А-Интегрирана еколошка дозвола за каменоломот што е локација и на предметната цементарница (за што во општината постои документација) еднострано да се коментира дека инвестицијата ќе го подобри степенот на вработеност без да се земе во предвид и фактот што и во онака променетата демографска структура на населението, ваквата инвестиција на предметната локација може да предизвика и обратен ефект на иселување на младите и родителите со мали деца, на кои им е премногу тешко да живеат во близина на постојната инсталација каменолом Техно Павер.

На прашањето: Дали во близина на локацијата постојат рекреативни или други јавни објекти е одговорено негативно, но е занемарен фактот што во непосредна близина на локацијата е филтер станицата/фабриката за преработка на водата за пиење на градот.

На прашањето: Дали објектот е сместен на локација што лесно се забележува со визурни точки е одговорено негативно, но локацијата е видлива од главната улица Ристо Попов која води кон населбата Превалец, тоа е излез од градската средина, на фреквентна сообраќајница и лесно се забележува.

На прашањето: Дали веќе се искористува земјиштето на и околу локацијата е одговорено негативно, но во реалноста локацијата за цементарница се наоѓа помеѓу две зони за живеење – населеба Тунел и населба Превалец.

На прашањето: Дали во близина на локацијата постојат густо населени подрачја е одговорено негативно, но веднаш до локацијата е населбата Превалец во која живеат 2974 жители (извор- Попис 2002), а во населба Тунел веројатно живеат и повеќе.

На прашањето: Дали на или во близина на локацијата се застапени подрачја на кои се надминати максимални дозволени концентрации на загадувачки материи што може да предизвикува кумулативни ефекти од реализација на објектот е одговорено негативно, но согласно податоците од Државната мониторинг станица Тунел 2 која е во непосредна близина на постојната инсталација Каменолом Техно Павер која нема сопствена мониторнг станица, а е должна да ја поседува, покажуваат концентрации на прашина кои се над вредностите во поголем дел од годината.

На прашањето: Дали при изградбата или работењето на проектот ќе се користат природни ресурси како што се земјиште вода, материјали или енергија, во делот за вода е наведено дека ќе се корсти вода за пиење од апарати. Ако во Известувањето за намера е наведено дека отпадна вода од цементарницата ќе се третира во пречистителна станица, тогаш е логично да се користи вода како суровина.

Во делот минерали е исто така наведено дека нема да се користат минерални суровини, но самото производство на цемент побарува користење на варовник, лапорец, глина и гипс, па овој одговор е нерелевантен.

На прашањето: Дали ќе се создава мил од отпадни води, одговорено е негативно, но присуство на пречистителна станица подразбира создавање на ваков вид на отпад.

На прашањето: Дали проектот ќе опфати употреба на супстанции и материјали што се опасни или токсични по човековото здравје, одговорено е дека се предвидува складирање на масти, масла и друг вид на хемикалии кои се неопходни во процесот на производство, а во описот на производниот процес воопшто не се споменати.

На прашањето: Дали проектот ќе има влијание врз добросостојбата на луѓето, преку промена на животните услови, одговорено е позитивно, дека се очекуваат финансисики подобрувања на населението, но одговорот е даден без да се имаат во предвид здравствените и социјалните аспекти.

На прашањето: Дали проектот ќе доведе до социјални промени преку преселба на луѓе, во услови кога не е слушнато мислењето на засегнатите граѓани одговорено е со не.

На прашањето: Дали проектот ќе постави преседан на идни случувања одговорено е е негативно.

Одговорот цениме дека треба да биде потврден затоа што нова инсталација е предмет на постапка за оцена на влијание во услови кога **Изворот на емисии во животната средина, изборот на процесот, контролата на процесот, мониторинг на процесот и во сегашната состојба, а особено заради несоодветната локација не покажуваат дека може да се гарантира исполнување на стандардите за заштита на животната средина и во услови кога кумулативниот ефект на животната средина не може да доволи нови производни процеси и изградба на нови објекти.**

Листата треба да содржи реална проценка на влијание кое не треба да се минимизира, како најзначаен дел кој треба да биде предмет на разгледување во Студијата за оцена на влијание врз животната средина.

Сметаме дека во доставената документација е минимизиран обемот на влијание, одговорите во Листата на проверка се несоодветни, не утврдуваат кои влијанија би биле најважни и како такви би барале најголемо внимание во Студијата за определување на обемот на ОВЖС.

Во Известувањето за намера не е земена во разгледување ниту една алтернатива освен постоечката локација.

**Затоа Општина Велес е против продолжување на оваа постапка за изградба на цементарница на предметната локација, со барање да се предложи друга локација за спроведување на проектот цементарница која ќе биде соодветна и безбедна за животната средина и здравјето на луѓето.**

Со почит,

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Аце Коцевски

Изготвил: БШМ